МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за водостопанства ( Службен весник на РМ бр. 85/2003), министерот за правда, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ВОДОСТОПАНСТВАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот и начинот на водење на регистарот на водостопанствата.

## Член 2

Регистарот на водостопанствата се води според образец бр. 1 кој ги содржи следните рубрики: реден број; назив на водостопанството; седиште (улица, број и место); вид на водостопанството според дејноста и подрачје на делување; кратка содржина на работите и активностите; број и датум на решението за упис и забелешка. Образецот број 1 е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Во образецот број 1 во рубриката реден број се запишува редниот број на уписот; во рубриката назив на водостопанството се запишува целиот назив кој треба да го содржи зборот Водостопанство и ознака за географската локација на подрачјето на дејствување; во рубриката седиште се запишува точниот назив на улицата, бројот и местото каде се наоѓа седиштето; во рубриката вид на водостопанството според дејноста и подрачје на делување се запишува видот на водостопанството според дејноста за која е основано и подрачје на делување; во рубриката кратка содржина на работите и активностите се запишува кратка содржина на работите и активностите на водостопанството; во рубриката број и датум на решението за упис се запишува точниот број и датум на решението со кое е извршен уписот во регистарот и во рубриката забелешка се запишуваат промените што се од значење за уписот.

## Член 4

Регистарот на водостопанствата се води во укоричена книга со димензии 500 мм X 400 мм на која на насловната страна во левиот горен агол пишува Република Македонија Основен суд____________ , а во средината Регистар на водостопанствата.

Регистарот на водостопанствата може да се води и електронски.

Секоја страна од регистарот има број.

Пред почетокот на водењето на регистарот на првата страна во десниот долен агол се забележува вкупниот број на страници што ги содржи регистарот и се заверува со печат и со потпис на претседателот на Основниот суд.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот дел од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Министер за правда,

март 2004 година

**Иџет Мемети**, с.р.

Скопје

Образец бр. 1

| Ред Бр. | Назив на водостопанството | Седиште (улица, број и место) | Вид на водостопанството според дејноста и подрачје на делување | Кратка содржина на работите и активностите | Број и датум на решението за упис | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Стр.___